**М-р Илија ЈОВАНОВ**[1]

# ПРЕДНОСТИ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВНИТЕ САНКЦИИ ВО СУЗБИВАЊЕТО НА КРИМИНАЛИТЕТОТ

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 343.24/.26(100)**
**343.24/.26(497.7)**

**Апстракт**

Алтернативите на казната затвор и нивната примена привлекува значителен интерес кај правните теоретичари и практичари како ефективен метод за реформирање на системот на кривичната правда. Во овој труд ќе бидат разгледани и анализирани предностите од примената на алтернативните санкции во сузбивањето на криминалитетот, притоа истакнувајќи ја нивната способност да ги надминат недостатоците на традиционалната казна затвор. Во оваа насока се истакнуваат намалувањето на затворската популација, намалувањето на финансиските трошоци, можноста за индивидуализација на санкцијата, похуманиот третман на осуденото лице, поширокото учество на општествената заедница при нивното извршување, како и промовирањето одговорност кај сторителите на казнени дела. Алтернативите на казната затвор даваат приоритет на справувањето со основните фактори што придонесуваат за криминални активности, притоа на сторителите на казнени дела им овозможуваат да дадат позитивен придонес за општествената заедница додека ги зачувуваат врските со семејството и заедницата, а со тоа ги намалуваат стигмата и отуѓувањето, кои често се поврзуваат со затворањето. Основната теза од која се тргнува во овој труд е дека со адекватна примена на алтернативите на казната затвор, особено во сузбивањето на полесните облици на криминалитет би се овозможило намалување на пренатрупаноста на затворите, би се избегнале негативните ефекти на казната затвор, општеството би било побезбедно, а правосудниот систем би бил поефикасен. Токму прифаќањето алтернативи на казната затвор означува прогресивна транзиција кон порехабилитациска, економски разумна и општествено корисна можност за прогрес и трансформација на казненоправниот систем.

**Клучни зборови:** кривични дела, казна затвор, алтернативни мерки, затворска популација.

## ВОВЕД

Прашањето за алтернативните мерки како начин за хуманизирање и рационализирање на системот на казнени санкции со децении привлекува посебно внимание. Потрагата по економски исплатлив и ефикасен вонинституционален модел на контрола на криминалитетот беше наметната и од растот на криминалитетот и од сè поголемиот број престапници на кои им е изречена казна затвор, како и од сознанието дека традиционалните казни не се соодветни за одредени престапници, и дека тие дури

[1] Магистер по правни науки од областа на казненото право и магистер по безбедносни науки. Докторанд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Е-пошта: ilija_jovanov@yahoo.com.

и може да бидат штетни и за престапниците и за општеството, односно претставуваат „скап начин за она што е лошо да се направи уште полошо“, за што се чини дека ниту една држава нема доволно пари.[2]

Неспорно е дека при модернизирањето и реформирањето на казненото право во повеќе држави во светот, ретрибутивниот елемент е ставен во втор план за сметка на примената на алтернативните санкции и мерки што обезбедуваат рамнотежа помеѓу правата на сторителот на кривичното дело, правата на жртвата од кривичното дело и интересите на општествената заедница. Истовремено, придобивките од примената на алтернативните санкции и мерки се огледуваат во зголемената хуманост и економичност при нивното извршување, со перспектива за позитивното влијание на рехабилитацијата и социјална адаптација на осудените лица.

Смислата на самите алтернативни мерки е тие да се применуваат секогаш кога не е потребно изрекување потешка казнена санкција, како што е лишувањето од слобода. Се смета дека со примена на алтернативните мерки ќе се постигнат целите на казнувањето за сторителите на казнени дела од полесен вид.

Гледајќи низ призмата на постојниот казнен популизам за кој може да се каже дека претставува тренд во некои земји, притоа имајќи предвид дека станува збор за демагошко заживување застарени и погрешни идеи за општествената корисност, праведноста и потребата од заострување на казнените мерки против сторителите на казнени дела, во современото казнено право во поголема мера се истакнуваат позитивните страни од примената на алтернативните санкции.

## 1. НАМАЛУВАЊЕТО НА ЗАТВОРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА КАКО ПРЕДНОСТ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Кога станува збор за позитивните страни на алтернативните санкции, првенствено треба да се спомене ***намалувањето на затворската популација***, и тоа *особено во случаите кога се изречени краткотрајни казни затвор*. Имено, веќе долго време во научната литература се укажува на постоењето негативни ефекти, првенствено од краткотрајните затворски казни, и тоа во вид на нивна неефикасност на планот на ресоцијализацијата на сторителот и високата стапка на рецидивизам, како и штетните последици по личноста на осуденото лице поради изолација и контакт со други осудени лица.

Пренатрупаноста во казнено-поправните установи е еден од хроничните проблеми на современото време и е директна последица на репресивната криминална политика и проширувањето на казненоправната реакција. Преполните затворски капацитети може да доведат до нехумани услови, зголемено насилство и тешкотии во ефикасното управување на менаџментот и персоналот во затворите со затворениците. Како и многу земји, и Македонија се соочува со проблемот на пренатрупаност на затворите. Во теоријата честопати се истакнува и дека казната затвор е најскапа казнена санкција со присутна стигматизација на осуденото лице, а многу често се истакнуваат и лошите услови во затворските установи, пред сè, поради пренатрупаноста во нив. Токму поради тоа се зголемуваат напорите, како во правната теорија, така и во законодавните реформи, да се изнајде соодветна замена за краткотрајните казни затвор, па решението најчесто се бара во алтернативните санкции. Соодветната примена на алтернативните

[2] Lynch, M. J. (1999). Beating a dead horse: Is there any basic empirical evidence for the deterrent effect of imprisonment?. *Crime, Law & Social Change*, No. 31, pp. 347-362; Austin, J.; Fabelo, T. (2004). The Diminishing Returns of Increased Incarceration: A Blueprint to Improve Public Safety and Reduce Costs, The JFA Institute, Washington D.C.

санкции може да го ублажи притисокот врз затворскиот систем во државата, без притоа да се загрози јавната безбедност.

Земјите со највисока стапка на затворска популација, односно број на затвореници на 100 000 од националната популација, се: Соединетите Американски Држави (629 на 100 000), следува Руанда (580), Туркменистан (576), Ел Салвадор (564), Куба (510), Палау (478), Британски Девствени Острови (447), Панама (436), Свети Китс и Невис (423), Гренада (413), Тајланд (412), Девствени Острови на САД (394), Бахамите (392), Уругвај (383) и Бразил (381). Спротивно на тоа, повеќе од половина од сите земји и територии (53 %) имаат стапки под 150 на 100 000. Стапката на светската затворска популација врз основа на процените на Обединетите нации за национално ниво на население е 140 на 100 000.[3]

Стапката на затворска популација значително се разликува помеѓу различни региони во светот и помеѓу различни делови на истиот континент. На пример:

- во Африка, средната стапка за западноафриканските земји е 44,5, додека, пак, за јужноафриканските земји е 248;
- во Америка, средната стапка за северноамериканските земји е 212,5, додека, пак, за земјите од Централна Америка е 278;
- во Азија, средната стапка за земјите во Јужна Азија е 85, додека, пак, за земјите од Југоисточна Азија е 171;
- во Европа, средната стапка за западноевропските земји е 73, додека, пак, за земјите што ги опфаќаат Европа и Азија (на пример, Руската Федерација и Турција) е 253;
- во Океанија, средната стапка е 166,5.[4]

Започнувајќи од 2000 година, вкупниот број затвореници ширум светот се зголемувал малку побавно (24 %) од проценетата општа популација во истиот период (28 %). Постојат значителни разлики помеѓу континентите и варијации во рамките на континентите во промената на вкупниот број затвореници. Вкупната затворска популација во Океанија е зголемена за 82 %, таа во Америка за 43 %, таа во Азија за 38 % и онаа во Африка за 32 %; во Европа, наспроти тоа, вкупната затворска популација е намалена за 27 %. Европската бројка го одразува големиот пад на затворската популација во Русија (56 %) и, исто така, во Централна и Источна Европа (49 %); затворската популација во Европа, освен во Русија, е зголемена за 5 %. Особено големи зголемувања се забележани во Јужна Америка (200 %) и Југоисточна Азија (116 %).[5]

Растот на затворската популација во Америка од 2000 година (43 %) е под големо влијание на трендот во Соединетите Држави, чија затворска популација е убедливо најголема, но расте многу побавно од затворските популации во многу други земји на континентот. Без бројките за Соединетите Американски Држави, затворската популација во Америка се зголемила за 138 % од 2000 година: зголемувањето е 77 % за Централна Америка и 200 % за Јужна Америка.[6]

Трендовите на затворската популација од 2000 година во Азија во голема мера варираат помеѓу различните делови на континентот: вкупниот број затвореници во Југоисточна Азија и во Западна Азија (Средниот Исток) се зголемил за 116 % и 119 %,

---

[3] Податоците се наведени според: Fair, H. & Walmsley, R. (2021). World Prison Population List (13th edition). International Center for Prison Studies, London. Достапно на: https://www.prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/world_prison_population_list_13th_edition.pdf.

[4] Ibid.

[5] Ibid.

[6] Ibid., стр. 17.

соодветно, додека, пак, вкупниот број во централна Азија се намалил за 44 %. Кина и Индија, со нивната висока национална популација, силно влијаат врз целокупното ниво на азиска затворска популација, но покажуваат спротивни трендови: вкупната затворска популација во Кина се зголеми за 18 %, а во Индија за 76 %. Без овие две земји, затворската популација во Азија пораснала за 52 %.[7]

Европа е единствениот континент што бележи пад на вкупната затворска популација од 2000 година. На скалата, врз намалувањето силно влијаат бројките за Руската Федерација: затворската популација во Русија е убедливо најголема во Европа и е намалена за 56 %. Со исклучок на Руската Федерација, затворската популација во Европа се зголемила за 5 % од 2000 година. Русија не е единствениот дел од Европа што забележал голем пад на затворската популација: бројот на затвореници во Централна и Источна Европа (со исклучок на Русија) е намален за 49 % од 2000 година. Спротивно на тоа, има раст во другите региони на Европа: 2 % во Западна Европа, 3 % во Северна Европа и 19 % во Јужна Европа.[8]

Вкупната затворска популација во Океанија пораснала со многу повисока стапка од онаа на кој било друг континент. Се разбира, доминираат бројките за Австралија, чија затворска популација е зголемена за 98 % од 2000 година и за Нов Зеланд, чиј вкупен број се зголемил за 47 %.[9]

Според статистичките податоци на Советот на Европа, поточно според податоците изразени во *Годишната казнена статистика на Советот на Европа*[10] за временскиот период од 2005 до 2015 година, стапката на затворска популација бележи зголемување во следниве земји: Албанија, Ерменија, Азербејџан, Белгија, Кипар, Чешка, Франција, Грузија, Грција, Унгарија, Исланд, Литванија, Малта, Црна Гора, Северна Македонија, Португалија, Сан Марино, Србија, Словачка Република, Словенија, Турција, Обединетото Кралство: Северна Ирска и Обединетото Кралство: Шкотска. Стапката на затворска популација во истиот временски период бележи намалување во следниве земји: Андора, Босна и Херцеговина (Република Српска), Бугарија, Данска, Естонија, Финска, Германија, Италија, Латвија, Лихтенштајн, Луксембург, Молдавија, Монако, Холандија, Полска, Романија, Руска Федерација, Шведска и Украина. Стапката на затворска популација останала стабилна во следниве земји: Австрија, Хрватска, Ирска, Норвешка, Шпанија (вкупно), Шпанија (Каталонија), Шпанија (државна администрација), Швајцарија и Обединетото Кралство: Англија и Велс.[11]

Според податоците изразени во истата статистика, *просечната должина на казната затвор* врз основа на вкупниот број денови поминати во казнените установи (во месеци), во временскиот период од 2005 до 2014 година, бележи зголемување во следниве земји: Албанија, Андора, Австрија, Босна и Херцеговина (Република Српска), Хрватска, Кипар, Чешка, Данска, Франција, Германија, Исланд, Италија, Лихтенштајн, Литванија, Луксембург, Малта, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Норвешка, Португалија, Романија, Сан Марино, Србија, Швајцарија, Турција, Обединетото Кралство: Северна Ирска и Обединетото Кралство: Шкотска. Од друга страна, пак,

---

[7] Ibid., стр. 18.
[8] Ibid.
[9] Ibid.
[10] Позната и како SPACE (*Statistiques Pénales Annuelles du Conseil de l'Europe*), која, пак, се состои од два поврзани проекти, и тоа: SPACE I обезбедува податоци за затворските и казнените институции на годишно ниво, започнувајќи од 1983 година, и SPACE II собира податоци за незатворските санкции и мерки, започнувајќи од 1992 година (годишно од 2009 година).
[11] Наведено според: Aebi M. F., Berger-Kolopp L., Burkhardt C. and Tiago M. M. (2019). *Prisons in Europe 2005-2015 – Volume 1: Country profiles*. Council of Europe, Strasbourg, стр. 5. Достапно на: https://book.coe.int/en/penal-law-and-criminology/8045-pdf-prisons-in-europe-2005-2015-volume-1-country-profiles.html.

просечната должина на казната затвор врз основа на вкупниот број денови поминати во казнените установи бележи намалување во следниве земји: Унгарија, Ирска, Холандија, Полска, Словенија, Шпанија (вкупно), Шпанија (државна управа) и Шведска. Просечната должина на казната затвор врз основа на вкупниот број денови поминати во казнените институции останала стабилна во следниве земји: Белгија, Финска, Монако и Шпанија (Каталонија).[12]

Од наведените статистички податоци во овој дел произлегува дека *нашата држава припаѓа во групата држави во кои просечната должина на казната затвор врз основа на вкупниот број денови поминати во казнените установи (во месеци), во временскиот период од 2005 до 2014 година, бележи зголемување*.

Според податоците изразени во Годишната казнена статистика на Советот на Европа, во однос на *густината во затворите* (на 100 места), во временскиот период од 2005 до 2015 година, таа бележи зголемување во следниве земји: Албанија, Андора, Ерменија, Азербејџан, Белгија, Франција, Исланд, Луксембург, Малта, Молдавија, Северна Македонија, Португалија, Сан Марино, Србија и Турција. Од друга страна, пак, густината на затворите бележи намалување во следниве земји: Босна и Херцеговина (Република Српска), Бугарија, Хрватска, Кипар, Данска, Естонија, Финска, Грузија, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Лихтенштајн, Монако, Црна Гора, Холандија, Норвешка, Полска, Руска Федерација, Шпанија (вкупно), Шпанија (Каталонија), Шпанија (државна администрација), Шведска, Обединетото Кралство: Шкотска и Украина. Густината на затворите останала стабилна во следниве земји: Австрија, Чешка, Ирска, Латвија, Литванија, Романија, Република Словачка, Словенија, Швајцарија, ОК: Англија и Велс и Обединетото Кралство: Северна Ирска.[13]

Во однос на густината на затворот (затвореници на 100 места), во временскиот период од 2005 до 2015 година, може да заклучиме дека *Македонија припаѓа во групата држави што бележат тренд на зголемување на густината во затворите*. Имено, во наведениот временски период, тој број изнесувал 110,5, што претставува високо ниво.

Во однос на протокот на влезови во казнените институции на 100 000 жители, во 2014 година, просекот за нашата држава изнесувал 152,8, а во временскиот период од 2005 до 2014/2015 година тој изнесувал 182,7, што претставува средно ниво. Протокот на ослободувања од казнените установи во 2014 година (на 100 000 жители) изнесувал 153,5, а просечната и процентуална промена пресметана од 2009 до 2014 година изнесувала 123,1, што претставува средно ниво. Во однос на просечната должина на затворската казна во временскиот период од 2005 до 2014/2015 година, врз основа на вкупниот број денови поминати во казнените установи (во месеци), таа изнесувала 10,3, што претставува високо ниво.[14]

Споредувајќи ги 2014/2015 со 2005 година, следниве показатели покажуваат пораст: стапка на затворска популација (+61 %), проток на ослободувања од казнените институции (+31 % од 2009 до 2014 година), просечна должина на затвор врз основа на вкупниот број денови поминати во казнени институции (+271 %), просечна должина на затвор врз основа на залиха и проток (+238 %), густина на затворот (+44 %), средна возраст на населението (+13 %), процент на странски затвореници (+ 23 %), процент на затворски персонал (+8 %), вкупен буџет потрошен од затворската управа (+18 % од 2012 до 2014 година) и просечен износ потрошен дневно за затворање еден затвореник (+62 % од 2008 до 2014 година).[15]

Споредено со другите европски земји, во 2014/2015 година, Македонија бележи:

---

[12] Ibid., стр. 5–6.
[13] Ibid., стр. 6.
[14] Ibid., стр. 237.
[15] Ibid., стр. 238.

- низок процент на затворенички, процент на притвореници меѓу странските затвореници, процент на затвореници без правосилна осуда, стапка на самоубиства на 10 000 затвореници, процент на самоубиства во притвор, просечна сума потрошена дневно за затворање еден затвореник;
- среден проток на влез во казнените установи, проток на ослободувања од казнените институции, средна возраст на затворската популација, процент на странски затвореници, стапка на смртни случаи на 10 000 затвореници, процент на затворски персонал помеѓу вкупниот персонал;
- висока стапка на затворска популација, просечна должина на затворање базирана врз вкупниот број денови поминати во казнените установи, просечна должина на затворање базирана врз залиха и проток, густина на затворите, соодност на затвореници во однос на членовите на персоналот.[16]

Според податоците од онлајн датабазата *World Prison Brief*[17] на лондонскиот Институт за истражување криминал и политика за правда, стапката на затворска популација (на 100 000 од националното население), врз основа на проценетата национална популација од 1,83 милиони на почетокот на јануари 2023 година (според Евростат), во Македонија изнесувала 138 затвореници на 100 000 жители. Во овој дел мора да истакнеме дека официјалниот капацитет на затворскиот систем во нашата држава е 2 573 места[18].

Во овој дел од трудот ќе го прикажеме трендот на затворска популација во Македонија во периодот од 2000 до 2020 година, односно вкупната затворска популација и стапката на затворска популација во нашата држава во наведениот временски период.[19]

Табела 1. Тренд на затворска популација во Македонија (во периодот од 2000 до 2020 година)

| **Година** | **Вкупна затворска популација** | **Стапка на затворска популација** |
|---|---|---|
| 2000 | 1 178 | 59 |
| 2002 | 1 336 | 66 |
| 2004 | 1 618 | 80 |
| 2006 | 2 026 | 99 |
| 2008 | 2 235 | 109 |
| 2010 | 2 516 | 122 |
| 2012 | 2 543 | 123 |
| 2014 | 3 116 | 151 |
| 2016 | 3 346 | 162 |
| 2018 | 3 029 | 146 |
| 2020 | 2 114 | 102 |

Извор: World Prison Brief data/North Macedonia.

Од наведените статистички податоци може да заклучиме дека во анализираниот дваесетгодишен временски период, вкупната затворска популација во Македонија

[16] Ibid.
[17] Наведено според: World Prison Brief data/North Macedonia. Достапно на: https://www.prisonstudies.org/country/north-macedonia.
[18] Ibid.
[19] Ibid.

бележи зголемување, со исклучок на 2018 година во споредба со 2016 година и со исклучок на 2020 година во споредба со 2018 година. Сепак, имајќи ги предвид наведените статистички податоци, може да констатираме дека *во нашата држава мора сериозно, посветено и студиозно да се работи на намалувањето на затворската популација*.

## 2. НАМАЛУВАЊЕТО НА БУЏЕТСКИТЕ ТРОШОЦИ КАКО ПРЕДНОСТ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Еден од придружните позитивни аспекти на спроведувањето на алтернативните санкции и намалувањето на затворската популација е ***намалувањето на финансиските трошоци***. Имено, бидејќи затворите се институции каде што се водат и се администрираат сите аспекти на животот на осудените лица, тие мора да обезбедат сѐ што се смета за неопходно за лицата што се затворени таму. Најголемиот дел од ентузијазмот за примената на алтернативните санкции во денешно време доаѓа од нивната претпоставена исплатливост. Со примената на алтернативните санкции се заштедуваат пари, со оглед на тоа што извршувањето на овие вонинституционални санкции е значително поевтино од извршувањето на казната затвор. Во услови на постојан раст на затворската популација во светот, вклучително и кај нас, неминовно произлегува и потребата за издвојување повеќе финансиски средства од страна на државниот буџет, па решението што се бара во алтернативните санкции, чии трошоци за извршување се значително помали, се покажува како рационално и неопходно.

На европско ниво, казната затвор чинела повеќе од 20 милијарди евра во 2017 година. Поточно, 42 земји што дале податоци посочиле дека буџетот што го потрошиле нивните затворски управи во 2017 година изнесувал 20.218.965.114 евра. Четириесет затворски администрации, исто така, ја обезбедиле и дневната сума потрошена за затворање еден затвореник. На европско ниво, секој затвореник чинел 67 евра дневно. Оваа сума не ги зема предвид разликите во трошоците за живот и другите економски показатели меѓу земјите (на пр. БДП, куповна моќ, стапка на сиромаштија, евронационален девизен курс).[20]

Популацијата на затвореници во Обединетото Кралство била околу 89 520 во 2022 година. Во 2021/2022 година, просечната цена на затворско место во Англија и Велс била 46 696 британски фунти годишно, во споредба со 48 162 британски фунти во претходната година. Во 2015/2016 година, просечната цена на затворско место била околу 35 182 фунти годишно. Од 2015/2016 година, годишните трошоци за едно затворско место во Англија и Велс се зголемени за околу 11 500 британски фунти.[21]

Во Соединетите Американски Држави, во 2020 година имало повеќе од 1,2 милиони луѓе во затвор. Во 2020 година, стапката на затворање изнесувала 358 на 100 000 жители, што е најниска од 1992 година. Трошоците по затвореник во голема мера варира во државите, од околу 18 000 долари по затвореник во Мисисипи до 135 978 долари по затвореник во Вајоминг во 2020 година. Државите просечно трошеле 45 771 долари по затвореник годишно.[22]

---

[20] Marcelo F. Aebi and Mélanie M. Tiago. (2018). *Prisons and Prisoners in Europe 2018: Key Findings of the SPACE I report*. Council of Europe, Strasbourg, стр. 9. Достапно на: https://wp.unil.ch/space/files/2020/02/Key-Findings-2018_190615.pdf.

[21] Наведено според: Clark, D. (2023, Aug 7). *Government spending on prisons in the UK 2009-2023*. Достапно на: https://www.statista.com/statistics/298654/united-kingdom-uk-public-sector-expenditure-prisons/#statisticContainer.

[22] Подетално види кај: E. Ann Carson. (2021). *Prisoners in 2020 – Statistical Tables*. Достапно на: https://bjs.ojp.gov/library/publications/prisoners-2020-statistical-tables.

Во оваа насока мора да истакнеме дека вкупниот буџет потрошен од затворската управа на Македонија во 2014 година изнесувал 11.158.000 евра.[23]

Во 2021 година, македонските медиуми[24] објавија дека секој затвореник во просек државата ја чини 9 500 евра. Според податоците од Управата за извршување на санкциите, вкупната сума што се издвојува за сите казнено-поправни установи и воспитно-поправниот дом Тетово во земјава изнесува 1.119.634.000 денари или 18,2 милиони евра. Од нив, половина се наменети за затворската полиција и затворските службеници, односно 555.675.000 денари, а околу 18 проценти или 199.500.000 денари за подобрување на условите во затворите. Во 2020 година, во затворите низ земјава имало вкупно 1 901 затвореник или пополнети биле 89 проценти од вкупниот капацитет на затворите, кои според податоците од Управата за извршување на санкциите се 2 113 лица – со тоа што за секое лице просечно да има најмалку 4 квадратни метри или простор од девет кубни метри. Според тоа, *годишно, државата секој затвореник во просек ја чини 588 000 денари или 9 500 евра*.

Меѓутоа, не треба да се смета дека примената на алтернативните санкции целосно е евтина и дека за нивна реализација се потребни само минимални државни издатоци. Во таа смисла, треба да се разликуваат различни алтернативни санкции, па затоа треба да се каже дека таквата констатација е несомнена кога станува збор за одредени обврски од финансиска природа. Од друга страна, извршувањето на пробацијата, а особено електронскиот надзор е скапо, бидејќи бара вклучување голем број соодветно едуцирани кадри, т. е. постоење на професионална организација за надзор, како и користење не толку евтини електронски уреди и услуги на стручни лица со цел инсталирање и одржување на таквата опрема. Овде, исто така, треба да се истакне дека иако извршувањето на општокорисната работа се состои од бесплатна работа во корист на заедницата, сепак неопходно е државата да ги сноси трошоците за осигурување на осуденото лице во случај на несреќа на работа, па, во оваа смисла, неопходни се и трошоци за вршење надзор над нејзината реализација. Имено, согласно членот 21 став 2 од Законот за пробација[25], осуденото лице за време на извршувањето на општокорисната работа од страна на Управата се осигурува во случај на повреда при работа.

Во зависност од видот на алтернативните санкции, нивното извршување во никој случај не е евтино, туку бара одредени, понекогаш значителни финансиски средства од државата, но, повторно, во споредба со извршувањето на казната затвор, тие трошоци се значително помали, што се потврдува и со многубројни истражувања во оваа област.

## 3. МОЖНОСТА ЗА ИНДИВИДУАЛИЗАЦИЈА НА САНКЦИЈАТА КАКО ПРЕДНОСТ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

---

[23] Наведено според: Aebi M. F., Berger-Kolopp L., Burkhardt C. and Tiago M. M. (2019). *Prisons in Europe 2005-2015 – Volume 1: Country profiles*. Council of Europe, Strasbourg, стр. 237. Достапно на: https://book.coe.int/en/penal-law-and-criminology/8045-pdf-prisons-in-europe-2005-2015-volume-1-country-profiles.html.

[24] Види: Секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра годишно. Слободен печат/slobodenpecat.mk (2021). Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra-godishno/; Секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра. Либертас/libertas.mk (2021). Достапно на: https://libertas.mk/seko-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-a-chini-9-500-evra/; Годишно секој затвореник во просек државата ја чини 588 илјади денари. ТВ21/tv21.tv (2021). Достапно на: https://mk.tv21.tv/godishno-sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-588-iljadi-denari/; Секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра. Ипортал.мк/iportal.mk (2021). Достапно на: https://iportal.mk/makedonija/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra/.

[25] Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226 од 25.12.2015 година).

Како една од позитивните страни на алтернативните санкции, неопходно е да се истакне и поголемата ***можност за индивидуализација на санкцијата*** и нејзино подобро приспособување кон сторителот на кривичното дело и околностите под кои е извршено делото во споредба со традиционалната казна затвор. Според квалитетот, алтернативните санкции се значително пофлексибилни во однос на примената и првенствено целта им е рехабилитација на сторителот и негова интеграција во општеството. Токму поради тоа, при изборот на видот и мерката на кривичната санкција со која се заменува казната затвор, како и во комбинација со некоја друга алтернатива со која би се постигнал најдобар ефект во конкретниот случај, неопходно е судот да дознае подетални информации за обвинетиот и неговата семејна и социјална состојба, при што особено би помогнале извештаите од центрите за социјална работа, како и извештаите што ги изготвуваат пробациските службеници по барање на обвинителството или судот, а сè со цел полесно да се процени која санкција би била најмногу ефективна во конкретниот случај.

Историски гледано, барањето за индивидуализација на казнените санкции зависеше од сфаќањето за причините на криминалитетот и усвоениот концепт за целите на казнувањето. Тоа придонесе овој принцип различно да се конципира и да се пренагласува неговата објективна или субјективна страна, што ќе подразбира казнените санкции да се приспособуваат на карактеристиките на стореното кривично дело – на неговиот вид и природа, на околностите под кои е сторено (место, време, средства и начин на извршување), на тежината на последиците и неговото значење во конкретните животни услови или, пак, кривичните санкции да се приспособуваат на карактеристиките на сторителот на кривичното дело, т. е. на својствата и околностите од субјективна природа.[26]

Според ставот на правните теоретичари, начелото на индивидуализација претставува „концентрат на криминално-политичките определби што стојат зад големото свртување кон личноста на деликвентот“[27]. Тоа, во суштина, значи дека казната и другите санкции треба да ги погодат правата и слободите на конкретниот сторител, а не да претставуваат средства за задоволување на апстрактната справедливост. Може да подвлечеме дека начелото на индивидуализација е стожерно начело на казненото право, како и основно начело при судското одмерување на казната.

Во казненото право, индивидуализација на казната значи дека на сторителот на казненото дело ќе му се изрече онаа казна со која, според оцената на судот, најдобро ќе се оствари целта на примената на казнената санкција. Да се индивидуализира казната значи да се конкретизира казната што е утврдена и пропишана во закон, чиј основ е апстрактна општествена опасност на пропишаното казнено дело спрема конкретна општествена опасност од извршеното казнено дело. Од тесната поврзаност на индивидуализацијата на казната со остварувањето на целта на казнувањето произлегува дека станува збор за едно од значајните начела на политиката за сузбивање на криминалитетот. Мора да напоменеме дека и научните сознанија и резултатите од практиката укажуваат дека основната цел на казнувањето подобро се остварува ако е изречена казна што е приспособена на личноста на сторителот и тежината на извршеното казнено дело, односно на степенот на казнена одговорност.[28]

---

[26] Сулејманов, З. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија, стр. 443.

[27] Камбовски, В. (2004). Казнено право – општ дел, Скопје: Култура, стр. 276.

[28] Јованов, И. (2023). Индивидуализација на казната затвор и проучување на личноста на деликвентот во функција на негова правилна ресоцијализација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, бр. 1-2, год. 30, стр. 1–15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија.

Денес, индивидуализацијата на казната е прифатена во најголемиот број законодавства во светот како еден од основните принципи на политиката за сузбивање на криминалитетот. Во оваа насока треба да истакнеме дека алтернативното пропишување повеќе казни за одредено казнено дело му овозможува на судот да ја примени индивидуализацијата при донесувањето на својата одлука. За индивидуализирање на законски пропишаните казни спрема конкретен сторител на казнено дело од особено значење се овластувањата на судот во поглед на примената на олеснителните и отежнувачите околности, потоа законските можности за ублажување на казната или нејзино заострување, начинот на кој е регулирано одмерувањето на казната за казнените дела извршени во стек итн.[29]

Без оглед на тоа дали се следи утилитарниот пристап или ретрибутивната филозофија, индивидуализацијата на казната мора да биде главен принцип при одмерувањето и утврдувањето на казната на виновен сторител на казнено дело. Сметаме дека со индивидуализација на казната ќе се постигнат целите на казнувањето и ќе може да се оствари идеалот за правда.[30]

Спротивно на тоа, пак, несразмерното изрекување строги затворски казни би можело да доведе до антипатија кон институциите на системот. Истовремено, изрекувањето непропорционално строги затворски казни би означувало загрозување на човековите слободи и права, но и неспособност на надлежните институции да ги заштитат општите добра со посоодветни мерки и санкции. Токму поради тоа, да се индивидуализира казната значи да се најде соодветна рамнотежа помеѓу тежината на стореното казнено дело и индивидуалната личност на сторителот, а истовремено и да се пронајде најсоодветната санкција што би била пропорционална на извршеното казнено дело.[31]

## 4. ПОХУМАН ТРЕТМАН НА ОСУДЕНОТО ЛИЦЕ КАКО ПРЕДНОСТ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Она што, исто така, претставува предност на алтернативните санкции во однос на казната лишување од слобода е ***похуман, помалку репресивен третман на осуденото лице***. Меѓутоа, тоа не значи дека алтернативните санкции во суштина не се репресивни мерки, туку степенот на казнување и одмазда кон сторителот на кривичното дело е значително помал отколку кај казната лишување од слобода, која значи изолација и лишување од слобода на осуденото лице. Имено, во пенолошката теорија, општоприфатено е сфаќањето дека лишувањето од слобода предизвикува длабоки психолошки последици за осудените лица, првенствено за оние што се осудени на подолги затворски казни.[32]

За казната затвор, како таква, може да истакнеме дека таа подразбира таков однос кон осуденото лице што во значителна мера му предизвикува одредени страдања, па затоа и ретрибутивната компонента кај оваа санкција е значително поизразена. Пропорционалноста на ретрибуцијата како цел на казната затвор е ограничена со почитувањето на првото на живот и слободата од тортура. Од друга страна, целта на

---

[29] Ibid.

[30] Ibid.

[31] Ibid.

[32] Врз основа на едно истражување што било спроведено во Соединетите Американски Држави на средината на минатиот век, во затвор во Њу Џерси било утврдено дека постојат пет основни облици на депривација со која се соочуваат осудените лица во затворите. Тоа се: депривација од слобода, депривација од материјални добра и услуги, депривација од хетеросексуални односи, депривација од автономија и депривација од сигурност. Види подетално кај: Sykes, G. (2009). Muke zatvorenika. *Teorije u kriminologiji,* Ignjatović, Đ. (ur.), Beograd, стр. 520–527.

алтернативните санкции во помала мера е репресија, но првенствено нивната цел е да му помогнат на сторителот полесно да се интегрира во општеството по извршувањето на таа санкција. Токму поради тоа, кај овие санкции акцентот е ставен на третманот и рехабилитацијата, а не на одмаздата. Кога станува збор за негативните последици по психичката состојба на осуденото лице, кои настануваат како резултат на престој во установа за издржување затворска казна каде што сторителот е изолиран од општеството, со примена на алтернативните санкции тие негативни последици дефинитивно отсуствуваат.

Примената на алтернативните санкции е значително похумана од казната лишување од слобода, бидејќи не доведува до изолација на осуденото лице и губење на семејните и социјалните контакти, ниту, пак, до губење на работното место, туку напротив, тие обезбедуваат семејна поддршка, а во некои случаи може да доведат и до вработување или обука за одредена професија. Значаен елемент на алтернативните санкции е подготвеноста на осуденото лице да соработува, па доколку постои таква волја кај сторителот на кривичното дело, значително се поголеми шансите за успешност на нивното извршување и за целосен ефект, особено на планот на специјалната превенција.[33]

## 5. ПОШИРОКО УЧЕСТВО НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ПРИ ИЗВРШУВАЊЕТО КАКО ПРЕДНОСТ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Како една од значајните позитивни карактеристики на примената на алтернативните санкции е ***поширокото учество на општествената заедница при нивното извршување***. Имено, за разлика од казната лишување од слобода, која се реализира во затворена, изолирана установа, во извршувањето на повеќето алтернативни кривични санкции активно учествуваат не само осудените и службата што е надлежна за спроведување надзор над извршувањето на санкцијата, туку и различни делови од општеството, како што се невладини организации, добротворни здруженија и волонтери, чија улога е да помогнат во надзорот над извршувањето на алтернативните санкции. Ангажирањето на граѓаните во надзорот на извршувањето се смета за значајна предност на алтернативните санкции, со што се обезбедува поголем успех во нивната реализација, а на тој начин и постапката за извршување во поголема мера се приспособува на особеностите на конкретниот случај, личните својства на обвинетиот и неговата семејна состојба, со што се надополнуваат позитивните дејствија за подобра индивидуализација на санкцијата.[34]

Она што е важно кај алтернативните кривични санкции е граѓанството активно да учествува во програмите за помош и поддршка кон осуденото лице преку различни форми на дејствување на граѓанските здруженија и на тој начин сторителот на кривичното дело ниту се чувствува отфрлен од општеството, ниту чувствува во таа мера, како при извршувањето на казната затвор, стигматизација поради стореното дело.[35]

---

[33] Види кај: Stojanović, Z. (2009). Opravdanost i dometi alternativnih krivičnih sankcija i alternativnih formi postupanja, u: *Revija za kriminologiju i krivično pravo*, 2, стр. 3–19.

[34] Види: Mrvić-Petrović, N. (2010). Alternativne krivične sankcije i postupci. Beograd: Medija centar Odbrana.

[35] Начинот на вклучување на членовите на заедницата во извршувањето на алтернативните санкции, пред сè, зависи од потребата на пробациската служба и најчесто се одредува со соодветни договори за соработка во кои се прецизираат активностите што волонтерите ги преземаат во текот на извршувањето, нивниот однос со пробацискиот службеник, како и надоместокот на трошоците што одат во корист на организацијата чиј волонтер е член. Волонтерите што се вклучуваат во извршувањето на алтернативните санкции мора да имаат потребни квалификации и вештини, а потребно е да поминале стручна обука, како

За жал, постои перцепција во јавноста дека алтернативните санкции може да бидат помалку ефективни во обезбедувањето на јавната безбедност. Некои истражувања[36] покажуваат дека соодветно дизајнираните и имплементирани алтернативни санкции не ја загрозуваат јавната безбедност и, всушност, може да доведат до подобри долгорочни резултати за јавната безбедност преку намалувањето на рецидивизмот.

## 6. ПРОМОВИРАЊЕТО ОДГОВОРНОСТ КАЈ СТОРИТЕЛИТЕ НА КАЗНЕНИ ДЕЛА КАКО ПРЕДНОСТ ОД ПРИМЕНАТА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ НА КАЗНАТА ЗАТВОР

Несомнено, позитивна страна на алтернативните санкции е и ***промовирањето одговорност кај сторителите на казнени дела***. Овој пристап се фокусира на рехабилитацијата на сторителите на казнени дела и нивна реинтеграција во општеството, истовремено охрабрувајќи ги да преземат одговорност за своите постапки. Имено, алтернативите на казната затвор може да поттикнат чувство на одговорност кај сторителите на казнени дела, притоа охрабрувајќи ги активно да учествуваат во сопствената рехабилитација, како и да ги поправат своите постапки.

Промовирањето одговорност меѓу сторителите на казнени дела преку алтернативи на казната затвор е во согласност со принципите на ресторативната правда и холистичката рехабилитација. Тоа не само што им користи на сторителите на казнени дела, туку придонесува и за побезбедно и покохезивно општество преку намалување на можноста за повторно извршување казнено дело и поттикнување чувство на одговорност кај сторителите на казнени дела.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на погоре наведеното, може да заклучиме дека целта на алтернативите на казната затвор е да поттикнат чувство на одговорност што го охрабрува сторителот да ја препознае штетата што ја предизвикал со стореното казнено дело. Истовремено, клучната цел на овие мерки е обезбедување општа сигурност, одвраќање од сторување казнени дела во иднина, изразување неодобрување за стореното казнено дело, олеснување на рехабилитацијата на сторителите на казнени дела, како и обезбедување реституција на оштетените, односно жртвите и заедницата за извршеното казнено дело. Дополнително, наведените позитивни страни на алтернативните санкции само ги истакнуваат потенцијалните придобивки од нивната адекватна примена, притоа ја нагласуваат нивната улога во промовирањето на рехабилитацијата, намалувањето на рецидивизмот, но и овозможуваат создавање поправеден и избалансиран систем на казнена правда.

Имајќи ја предвид суштината на алтернативите на казната затвор, може да констатираме дека нивната цел е да поттикнат чувство на одговорност што го охрабрува сторителот на казненото дело да ја препознае штетата што ја предизвикал со

---

и да ги карактеризираат лични квалитети. Види кај: Mrvić-Petrović, N. (2010). Alternativne krivične sankcije i postupci. Beograd: Medija centar Odbrana, стр. 173.

[36] Постојат студии и извештаи што ја поддржуваат идејата за тоа дека санкциите засновани во заедницата може да придонесат за пониски стапки на рецидивизам во споредба со традиционалното затворање на сторителите. За ова подетално види кај: Latessa, E. J., & Smith, P. (2011). What Works (and Doesn't) in *Reducing Recidivism*. National Institute of Justice. Иако оваа специфична студија не ги споредува директно стапките на рецидивизам помеѓу санкциите засновани во заедницата и затворањето, таа дава вредни увиди за факторите што придонесуваат за успешно реинтегрирање и намален рецидивизам.

сторувањето на самото дело. Клучната цел на алтернативните санкции е да обезбедат општа сигурност, одвраќање од сторување казнени дела во иднина, изразување неодобрување за стореното казнено дело, олеснување на рехабилитацијата на сторителите на казнени дела, како и обезбедување реституција на оштетените, односно жртвите и заедницата за извршеното казнено дело.

Од сето погоре наведено може да заклучиме дека со адекватна примена на алтернативите на казната затвор, особено во сузбивањето на полесните облици на криминалитет, би се овозможило намалување на пренатрупаноста на затворите, би се избегнале негативните ефекти на казната затвор, општеството би било побезбедно, а правосудниот систем би бил поефикасен.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


1) Сулејманов, Зоран. (2005). Пенологија (второ дополнето и изменето издание). Скопје: Графохартија;
2) Камбовски, Владо. (2004). Казнено право – општ дел, Скопје: Култура;
3) Јованов, Илија. (2023). Индивидуализација на казната затвор и проучување на личноста на деликвентот во функција на негова правилна ресоцијализација, во: *Македонска ревија за казнено право и криминологија*, бр. 1-2, год. 30, стр. 1–15. Скопје: Здружение за кривично право и криминологија на Македонија;
4) Sykes, G. (2009). Muke zatvorenika. во: Ignjatović Đorđe [ur.] *Teorije u kriminologiji*, Pravni fakultet, Univerzitet u Beogradu;
5) Stojanović, Zoran. (2009). Opravdanost i dometi alternativnih krivičnih sankcija i alternativnih formi postupanja, u: *Revija za kriminologiju i krivično pravo*, 2, 3-19;
6) Mrvić-Petrović, Nataša. (2010). Alternativne krivične sankcije i postupci. Beograd: Medija centar Odbrana;
7) Latessa, E. J., & Smith, P. (2011). What Works (and Doesn't), во: *Reducing Recidivism*. National Institute of Justice;
8) Lynch, M. J. (1999). Beating a dead horse: Is there any basic empirical evidence for the deterrent effect of imprisonment?. *Crime, Law & Social Change*, 31, 347-362;
9) Austin, J.; Fabelo, T. (2004). The Diminishing Returns of Increased Incarceration: A Blueprint to Improve Public Safety and Reduce Costs, The JFA Institute, Washington D.C.;
10) Fair, Helen and Walmsley, Roy. (2021). World Prison Population List (13th edition). International Center for Prison Studies, London. Достапно на: https://www.prisonstudies.org/sites/default/files/resources/downloads/world_prison_population_list_13th_edition.pdf. Пристапено на: 2.12.2024 година;
11) Marcelo F. Aebi; Léa Berger-Kolopp; Christine Burkhardt and Mélanie M. Tiago. (2019). Prisons in Europe 2005-2015 – Volume 1: Country profiles. Council of Europe, Strasbourg. Достапно на: https://book.coe.int/en/penal-law-and-criminology/8045-pdf-prisons-in-europe-2005-2015-volume-1-country-profiles.html. Пристапено на: 2.12.2024 година;
12) World Prison Brief data/North Macedonia. Достапно на: https://www.prisonstudies.org/country/north-macedonia. Пристапено на: 2.12.2024 година;
13) Marcelo F. Aebi and Mélanie M. Tiago. (2018). Prisons and Prisoners in Europe 2018: Key Findings of the SPACE I report. Council of Europe, Strasbourg. Достапно на: https://wp.unil.ch/space/files/2020/02/Key-Findings-2018_190615.pdf. Пристапено на: 2.12.2024 година;

14) Clark, D. (2023, Aug 7). Government spending on prisons in the UK 2009-2023. Достапно на: https://www.statista.com/statistics/298654/united-kingdom-uk-public-sector-expenditure-prisons/#statisticContainer. Пристапено на: 2.12.2024 година;
15) E. Ann Carson. (2021). Prisoners in 2020 – Statistical Tables. Достапно на: https://bjs.ojp.gov/library/publications/prisoners-2020-statistical-tables. Пристапено на: 2.12.2024 година;
16) Закон за пробација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 226 од 25.12.2015 година);
17) Секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра годишно. Слободен печат/slobodenpecat.mk (2021). Достапно на: https://www.slobodenpecat.mk/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra-godishno/. Пристапено на: 2.12.2024 година;
18) Секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра. Либертас/libertas.mk (2021). Достапно на: https://libertas.mk/seko-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-a-chini-9-500-evra/. Пристапено на: 2.12.2024 година;
19) Годишно секој затвореник во просек државата ја чини 588 илјади денари. ТВ21/tv21.tv (2021). Достапно на: https://mk.tv21.tv/godishno-sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-588-iljadi-denari/. Пристапено на: 2.12.2024 година;
20) Секој затвореник во просек државата ја чини 9.500 евра. Ипортал.мк/iportal.mk (2021). Достапно на: https://iportal.mk/makedonija/sekoj-zatvorenik-vo-prosek-drzhavata-ja-chini-9-500-evra/. Пристапено на: 2.12.2024 година.

**Ilija JOVANOV, PhD student**[37]

## BENEFITS OF THE APPLICATION OF ALTERNATIVE SANCTIONS IN THE SUPPRESSION OF CRIMINALITY

**Abstract**

Alternatives to imprisonment and their application attract considerable interest among legal theorists and practitioners as an effective method for reforming the criminal justice system. This paper will review and analyze the advantages of using alternatives to imprisonment while highlighting their ability to overcome the shortcomings of traditional imprisonment. In this regard, the reduction of the prison population, the reduction of financial costs, the possibility of individualizing the sanction, the more humane treatment of the convicted person, the broader participation of the social community in implementing these alternatives, as well as the promotion of responsibility among perpetrators of crimes, are emphasized. Alternatives to imprisonment prioritize addressing the underlying factors that contribute to criminal activity while enabling offenders to make a positive contribution to society and preserving ties to family and community. This reduces the stigma and alienation often associated with incarceration. This paper argues that the proper application of alternatives to imprisonment, especially for minor crimes, would reduce prison overcrowding, avoid the negative effects of imprisonment, enhance public safety, and create a more efficient justice system. The acceptance of alternatives to imprisonment marks a progressive transition toward a more rehabilitative, economically sensible, and socially beneficial opportunity for the advancement and transformation of the criminal justice system.

**Keywords:** *crimes, prison sentence, alternative measures, prison population.*

[37] Master of Laws in the field of Criminal Law and Master of Security Sciences. PhD student at Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. E-mail: ilija_jovanov@yahoo.com.